**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 27 март 2002 год.**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, сала број 1, со почеток во 13,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Оломан Сулејмани потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дами и господа пратнеици,

Ја отворам 104-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Стојан Андов, Радомир Карангелески и Таки Фити ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 86 пратнеици.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот на Република Македонија г-дин Борис Трајковски, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Републичкиот судски совет.

Записниците од 14-та, 78-та, 102-та и 103-та седница Ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (нема).

Констатирам дека записниците од 24-та, 78-та, 102-та и 103 седница се усвоени без забелешки.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Крива Паланка.

Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател на одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев".

Предлог на одлука за именување претставници на собирот на работниците на Републичкиот завод за унапредување и домаќинствато Скопје.

Предлог одлука за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Предлогот на Комисијата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Колеги пратеници ве известувам дека системот за гласање ни откажа. Ке мораме да гласаме со кревање на рака.

Ве молам да гласаме.

Констатирам дека за предлогот гласаа 51 пратеник.

Дали некој има против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека за предлогот гласаа 51 пратеник и е усвоен.

- Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот

ДНЕВЕН РЕД:

1. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на Проектот Брана со придружни објекти како дел од Хидромелиоративниот систем "Лисиче", со Предлог на закон;

2. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на Проектот ХЕЦ "Лера" како дел од хидросистемот "Стрежево", со Предлог на закон;

3. Предлог за донесување на закон за изменуваше и дополнување на Законот за банките, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за стечај со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за платниот промет, со Предлог на закон;

6. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на Заводот за платен промет, со Предлог на закон;

7. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за утврдување и наплата на јавните приходи, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за преземање на акционерските друштва, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за издавање на обврзници на Република Македонија за денационализација, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за банки за микрофинансираше, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесуваше на закон за изменуваше и дополнување на Законот за трговските друштва, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за сметководството, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Заклучоците и Договорот за репрограмирање меѓу Владата на Република Македонија и Јапонската банка за меѓународна соработка, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за изменуваше на Законот за облигационите односи, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија со текстилни производи меѓу Република Македонија и Европската заедница, со Предлог на закон;

17. Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската спогодба за пренос на барањата за правна помош, со Предлог на закон;

18. Предлог за донесување на закон за водни заедници, со Предлог на закон;

19. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, со Предлог на закон;

20. Предлог за донесување на закон за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност;

21. Предлог за разрешување на судија на Апелациониот суд во Битола;

22. Предлог за разрешување на судија во Основниот суд во Крива Паланка;

23. Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател на Одборот за доделување на наградата "Гоце Делчев";

24. Предлог на одлука за именување претставници во собирот на работниците на Републичкиот завод за унапредување на домаќинството Скопје;

25. Предлог на одлука за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Дали има некој друг предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, на претпоследната седница побарав информација од страна на Владата за состојбите кои што се присутни во општина Велес каде што повеќе имоти и куќи на граѓани од таа општина се оштетени. И досега според сознанијата што ги имам апсолутно ништо не е преземено да се изврши барем евиденција на се тоа што се случило таму. Од страна на Владата, мислам потпретседателот на Владата беше преземена обврска да се достави таква информација откако ќе се изврши претрес во Координативното тело, но до ден денешен немам таква повратна информација. Бидејќи најверојатно Владата сеуште заседава и нема кој да одговори на ова мое барање, односно да не информира дали таква информација е изготвена. Барам во секој случај ова барање да се уцврсти во дневниот ред и како таква да се достави од страна на Владата.

Исто така, барам да се поднесе на оваа седница информација која што според моите сознанија е доставена до Владата за нарушување на личната безбедност и ограбување од страна на лица во службена униформа на единиците за специјална намена на Министерството за внатрешни работи случај кој што предизвика голема вознемиреност во јавноста. Се работи за ценетиот лекар Седат Љумани кој што беше ограбен во своето семејство, во својата куќа при што и неговиот живот и животите на членовите на неговото семејство беа доведени во опасност. До ден денеска нема никаква официјална информација од страна на Министерството за внатрешни работи за овој случај. А, бидејќи се работи за загрозување, односно грабеж од страна на специјални единици на Министерството за внатрешни работи, барам и оваа информација да биде доставена за оваа седница, а Собранието соодветно да донесе заклучоци за истата.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Го молам претставникот на Владата да ни одговори дали е изготвена таква информација, или дали сте подготвени да одговорите?

Очигледно дека од Владата немаме претставник и јас сум обавестен дека Владата нема изготвено таква информација.

Господине Мевљан Таири, само ако вие инсистирате.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Бидеќи од страна на Владата беше прифатено да се поднесе таква информаицја, а досега не е поднесена истата, а бидјеќи исто така, немаме претставник од Владата барам додека немаме официјален претставник на Владата кој ќе се искаже по однос на ова барање, односно по однос на овие две барања сега, да се одложи седницата и истата да продолжи откако ќе добиеме соодветна информација за овие две случувања.

Посебно инсистирам сега уште поиндикативно е тоа што се случуваше во врска со нарушувањето на личната безбедност и на сигурноста на семејството и грабежот кој што се случи на семејството Љумани. Така што апсолутно мислам дека неможе да продолжи оваа седница и барам навистина разбирање од сите пратеници, затоа што додека такви нешта се случуваат не гледам никаков смисол да продолжи било каква дебата во ова Собрание.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Очигледно е дека ние немаме преставници од Владата. Веројатно присутни се некои помошници министри, или заменици. А се работи за нова седница. Јас можам само вашиот предлог да го ставам на гласање дали да прекинеме со седницата и да продолжиме после една дадена пауза. Меѓутоа, еве јас давам 15 минути пауза се додека не се обезбеди преставник од Владата.

(Пауза од 15 минути).

(По паузата, пратениците во салата се собраа во 14,30 часот).

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Колеги пратеници, очигледно дека Владата не испрати свој претставник, барем еден од вице премиерите.

Предлагам сега да одиме на ручек, а со седницата ќе продолжиме во 15,30 часот.

(По паузата седницата продолжи во 15,55 часот).

Колеги пратеници, во салата се присутни 64 пратеници, така што мислам дека има услови да продолжиме со работа.

За збор се јави г. Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, За денешната Сто и четврта седница на Собранието партијата ВМРО Вистинска поднесе иницијатива да се стави на дневен ред точката Разрешување на г. Звонко Мирчески од функцијата потпретседател на Собранието, бидејќи според Деловникот беше потребно 20 и повеќе пратеници да ја следат оваа иницијатива, денес до архивата пропративме потписи на повеќе од 20 пратеници кои се согласуваа разрешувањето на Звонко Мирчески да биде ставено како точка на дневен ред, односно на Сто и четвртата седница да се разреши од функцијата потпретседател на Собранието, па во тој контекст предлагам пратениците на Собранието да се изјаснат по овој наш предлог.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Миланчо Черкезов.

Неговиот предлог односно предлогот на потпишаните на иницијативата го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 64 пратеници, од кои 43 за, 7 воздржано и 14 против.

Констатирам дека Собранието го усвои предлогот на група пратеници кои се потписници на иницијативата.

Има збор г. Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, (уфрлање од страна на г. Александар Флоровски) Почитуван потпретседателе, ве молам, според Деловникот за работа секој пратеник треба да го ставите во рамноправна улога да дискутира пред оваа парламентарна говорница и го молам г. Флоревски (уфрлување на господинот Флоровски со потенцирање на точното преземе Флоровски), извини младичу - затоа што пред некој М9сец диплмираше, така што се работи за млад човек.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ве молам, обраќајте му се на Собранието.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Ве молам, немојте од место да провоцирате. Ако сте партија на власт не значи дека вие имате право овде се да дискутирате. Ве молам тоа да не се случи.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Продолжете г. Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Најпрво сакав да се дополни дневниот ред, бидејќи пред неколку месеци барав Собранието на Република Македонија да расправа за актуелната економска состојба во Република Македонија. Тогаш надлежното министерство за економија и за финансии рече дека ќе се расправа на една од наредните први седници. Тоа може да се провери во стенографските белешки. Меѓутоа, поминаа повеќе наредни први седници, до ден денес, немаме точка на дневен ред за актуелната економска состојба во Република Македонија.

Барам од ресорници министерства - не ги гледам овде министерот за финансии и министерот за економија - да се стави на дневен ред на денешната седница таква точка.

Второ, барам информација по која ќе се расправа на денешната седница за најсвежите случувања при продажбата на рудниците во Република Македонија, односно распродажбата. Зошто го велам тоа? Затоа што од средствата за јавно информирање разбравме дека на потег е рудникот Саса да се продаде под услови кои ги знае само структуралното тело односно надлежниот министер за финансии односно за економија.

Ова прашање го покренувам затоа што горкото искуство од останатите рудници, пред се мислам на Рудникот Бучим, единствениот рудник на бакар и злато чиј што сопственик до денес сеуште не го знаеме, надлежното министерство за економија, а јас би рекол кога е во прашање продажба и распродажба на минералното национално богатство тоа е во надлежност на Министерството за финансии. Барам тоа да биде ставено на дневен ред. Не се работи за продажба на задруга или некоја мала текстилна фабрика, се работи за минерално богатство. Минералното богатство е национално богатство. Во национално богатство спаѓаат и шумите. Се смета дека тоа е јавно добро и да не заборавиме дека минералното богатство е необновливо. Овие грешки да не ги правиме, па затоа јас како пратеник и експерт од сферата на минералните суровини сакам да го добијам договорот, да бидам под кои услови се продава и која е гаранцијата и просперитетот при продажбата на рудниците. Тука пред се мислам на Македонска Каменица, Злетово - Добрево и Тораница. Како професор по економска геологија и менаџмент имам изготвено еден модел, стручен, научен, менаџерски приод за тоа кои се основните предуслови и појдовните основи за продажба на такви дејности од сферата на минералните суровини. Затоа, сакам директно да се вклучам во расправата, да дадам придонес пред се како пратеник и како експерт по минералните суровини.

Поаѓајќи од субјектите кои даваат изјави како и што се продава, лично сметам дека во сферата на минералните суровини тие имаат ограничен капацитет и не можат да дадат голем придонес. Затоа, г. потпретседателе, барам на денешната седница тоа да се даде и да го добиеме, ако не друго, барем прелиминарниот договор под кои услови се продаваат минералните национални богатства на Република Македонија бидејќи врз основа на нив се засновани населени места, гратчиња, како што *се* Македонска Каменица, Пробиштип, Тораница, како што беше вчера и Радовиш врз основа на рудникот Бучим.

Понатаму, ја прашувам Владата на Република Македонија, имам поставено осум пратенички прашања за овој мандатен период но на ниедно прашање до ден денес немаме добиено писмен одговор. На што се должи тоа, на ажурност или на неажурност?

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Чифлиганец, едно објаснување. Денес е предвидено поставување на пратенички прашања, па после ќе го истите правото да го поставите тоа прашање.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Благодарам, ќе се јавам подоцна.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Благодарам младичу, со фризурата од 60-те години.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Се извинувам, кому му се обраќате со младичу.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Но нели не е грев да се живее со носталгија.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Флоровски!

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

На оној младичот кој се симна од говорницата сакам да му одговорам на некои работи.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Тој веројатно има име и презиме, немојте со младичу да му се обраќате.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Не се чувствувам хендикепиран да не можам да одговорам, иако се претставува за голем експерт, малтене, уште малку ќе ме убедеше дека е експерт со светско реноме и дека западно - европските држави, можеби САД ќе се тепаат за неговото стручно знаење, прашање на време кога ќе ве повикаат. А нема потреба овде да чмаете во една мала Македонија, нели, со минорни средства кога од ваков експерт може да се очекува многу и Америка просто плаче за такви луѓе од вашата бранша на која припаѓате.

Околу мојот факултет, да разбиеме една дилема, време е за сите обвинувања. И покрај тоа и одредени режимски весници тоа наголемо го пишуваа, поточно "Вест", лиферувано повторно од вашите кругови со низа невистини, па нели тоа ви е својствено. Впрочем, време е и за предизборна кампања, од таму од каде што најмногу се плашите таму и удирате. И тоа е нормално. Но време е да одговорам и сметам дека тој момент е дојден. Сакам следното да ви го кажам господа дека со тоа што правите алузии на моја сметка околу студирањето во Бугарија, гревот е дека студирав во Бугарија, нели? Доколку би студирал на друго место не би било грев. Морам следното да го кажам дека за жал, и покрај моето дипломирање пред 7 месеци, сеуште се матка во одредени кулоари, благодарение на професори кои припаѓаат на вашиот ков, на вашата партиска определба. Но заборавате дека Флоровски е многу упорен и ќе истрае во тоа што е легитимно. Да одговорам на обвинувањата, има врска, затоа што е алузијата беше многу јасна и сигурно дема да се тргнам од говорницата додека не ви одговорам.

За жал, и покрај побараната помош од мојот колега Лазар Китановски, затоа што мојата диплома 3 месеци седеше на Правниот факултет, никој не најде за потребно да ми одговори. Едноставно шеташе низ кулоарите на Правниот факултет, без некој да удри печат дека воопшто е стигната. 25 дена шеташе и уште 3 месеци беше фрлена во некои фиоки, без да ми се одговори што е судбината на таа диплома. Ако направиме паралела колку студенти кои беа блиски до СДСМ, на наков криминален начин завршија, не би сакал воопшто да правам споредба. Така ли беше г. Китановски? Лично ве замолив и вас и господинот Фрчковски како професори на Правниот факултет, ве замолив за да видите што е со мојата диплома, кој ја зафрли и од кои причини. Се работи конкретно за мојата личност. Значи, затоа што носи име и презиме Александар Флорсвски и затоа што дипломата е од Благоевград, за кој се пишуваше дека е приватен универзитет, но без да се проверат фактите и аргументите не е добро да се зборува. Тоа пораненшен клон на Софискиот универзитет, што е денес самостоен.

Но поентата е сосема друга. Сакам следното да го кажам. Кога веќе алудирате дека некој оди во Бугарија да студира, ќе ви спомнам дека во моментот имате околу 2800 македонски студенти во Бугарија. Нели се запрашавте зошто тие луѓе таму студираат? Зошто немаат простор овде?

(уфрлување на Ванчо Чифлиганец со зборовите "Кој ти рече за Бугарија")

Господине со модерната фризура, ако ми дозволите да довршам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Флоровски, вашето време за реплика помина.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Очигледно живеете во некое минато време според она што го манифестирате јавно.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Флоровски!

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Сега г. потпретседателе ќе продолжам уште една минута.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Пет минути имате право да реплицирате и времето помина.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Уште една работа. Ова што го направив, што го завршив како факултет, се работи за лична

сатисфакција. Не дека утре некој треба да ме именува за нешто или да ме постави, гледајќи го сето она што ее случува во моето опкружување.

И уште една работа. Господа, заборавате дека во вашите сопствени редови имате персони кои за добивање на докторски дисертации бараат рецензентите да им бидат од Бугарија, и покрај тоа што имаме професори македонци кои вршат рецензија на одредени докторски дисертации. Да, господине Илоски, имате такви во вашите редови кои бараат помош од бугарски рецензенти, и покрај тоа што се еминентни професори, имајќи кај нас живи професори кои можат тоа да го направат. Од една страна значи Флоровски студирал во Бугарија, а од вашите редови тие што бараат рецензијата да им ја вршат бугарски професори не е грев, нели? А ако стане некој да праша кој е, ќе го именувам за кој ваш колега или колешка се работи.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Флоровски!

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Така што не можете да имате за една работа два различни аршини. Тој што е прозван сигурно ќе се сети за кој се работи. Толку сега за сега. Ако некој најде за сходно да ме повика повторно, па можеби до вас седат доктори на науки или претендираат да бидат доктори на науки со помош на луѓе од надвор, имајќи живи професори овде од истата област за која претендираат да бидат доктори на науки.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на колегата Флоровски. За раплика се јави г.Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитувани колеги пратеници, во тоа е трагедијата што ние не можеме да се сфатиме што сме рекле, а камо ли да направиме добри дела за тој народ што не избрал.

Господине Флоровски,

(уфрлување на Александар Флоровски со зборовите "Ме научи како се викам").

Не гледај во очите. Толку си направил за народот и толку е сеќавањето како се презиваш.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ги молам двајцата пратеници да не реплицираат меѓу себе, туку да се обраќаат на Собранието. Инаку ќе ви го земам зборот и нема да ви дадам да зборувате.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Кога реков дека некој дипломирал, магистрирал и докторирал надвор од Република Македонија? Дали споменав Европа, свет, конкретно Бугарија? Проверете во стенографските белешки. Дипломата и капиталот немаат граници. Тоа професор доктор Ванчо Чифлиганец ти го кажува и ти научиго.

Второ, знаете што е разлика меѓу Ванчо Чифлиганец и Александар Флоровски? Што јас израснав во Република Македонија меѓу сопствениот народ. Моите титули, звањето и достигнувањата се меѓу сопствениот народ, најмлад инжинер, најмлад магистер, најмлад доктор на науки, најмлад менаџер. И човек кој 25 години работи во индустриската пракса со резултати. И вие господине Флоровски да се споредувате со мене, можам да се споредувам со дел од овде, со подобри, но вие ни со вашите сопартијци ниту со Чифлиганец не можете да се споредувате.

Те молам, репликата не е меѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ. Репликата е меѓу Ванчо Чифлиганец и Александар Флоровски. Зошто ги повикувате другите колеги пратеници кои ни додале ни одзеле од мојата дискусија.

Те молам, го респектирам твоето унапредување, дали си дипломирал на 21 година како јас или вие на вашите 45 години, тоа е исто. Само вие уште малку имате време да се докажувате, а јас 25 години крваво се борев за оваа македонска нација. А вие г. Флоровски, да ми викате дека чмаам во сопствената земја која е единствена, ниту имате морално право, ниту можете со сила да ме истерате од оваа земја. Тоа можете со сила, но Ванчо Чифлиганец на партијата на која припаѓа, на македонскиот народ и на македонската нација нема да му дозволи. Вие со вашата агресија, сила, бруталност, не го дозволувам. Да ми викате да ја напуштам мојата сопствена земја. Иако е мала, ние со оваа сопствена земја светски големи достерели сме постигнале и на планот на менаџерството, науката, спортот и културата. Јас бев горд кога бев најмлад македонец, дипломиран инженер, најмлад магистар, најмлад доктор на науки. Во тоа време ја афирмирав македонската

нација. И вие да ме истерувате од ова мало земјиче, го немате тоа право, ниту тоа ќе го дозволам. А вашата ароганција е позната и меѓу вашите сопартијци.

Господине Бошковски, со респект кон вас, оние ве опкружуваат пред да почне седницата нешто ги копка зошто ве опкружуваат. И ти господине Флоровски размисли зошто го опкружуваш постојано министерот за внатрешни работи и кога доаѓа премиерот на Владата на Република Македонија. Тоа Ванчо Чифлиганец никогаш во животот не го прави. Правев километри за народот, правев и за себе. Но ти правиш километри за себе, а ни педа за народот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Ванчо Чифлиганец.

Колега Флоровски, после ќе добиете збор, прво седнете на место, да се договориме.

Јас ве молам колеги пратеници, сепак ние сме законодавен дом и расправаме за точки кои ќе бидат ставени на дневен ред. Денес немаме намера како Собрание да расправаме за нашите дипломи, ниту за нашите докторски дисертации.

Ги молам колегите пратеници нека сфатат, кога ќе се обраќаат на свој колега, овде ние сме пратеници кои претставуваме граѓани, имаме секој од нас име и презиме и обраќањето со "младичу" и друго, верувајте дека, е надвор на нашата парламентарна култура, ако ја имаме.

За реплика се јави г. Александар Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Ќе зборувам најкратко што може г-дине претседателе. Очигледно, мојата дискусија го растревожи г-динот Чифлиганец, кој буквално овде направи исповед, поради чистата совест што ја има, претпоставувам, меѓутоа, тоа е негов проблем околу вашата афирмација на Република Македонија. Неможам да зборувам, бидејки ниту сум ве следел , ниту ве познавам, освен во овие пратенички клупи. Можеби некој од Радовиш, или од околината на Радовиш повеќе ќе каже за вас и за вашата личност, што е тоа што вие го направивте како Македонија, како најдобар студент, како ,млад студент да не речам:" Вундеркинк "на македонската нација и тоа е добро што во Макеоднија има такви "вундеркинги" од таков тип каков што сте вие и мислам дека типови како вас само можат да ја афирмираат државата и на полето на бизнисот и на полето на спортот. Ќе се обидам да не ве навредувам, говорам афирмативно добро е во Македонија да има "вундеркинги". Тоа не е во ликот на еден човек. Тоа е во ликот на многу луѓе. Да се повикувате на народот, ниту имате право, ниту некој ви го дал тоа за право, а не верувам дека и многу луѓе стојат зад вас, за да имате право, морално или било какво и да се повикувате на народот. Така што, вашите лични убедувања дека зборувате во име на народот е само ваше лично убедување и не верувам дека многу ќе паднат во несвест поради тоа што вие го говоревте, меѓутоа, тоа што вие овде го презентирате е ваше лично видување и не мислам многу да се растргнувам да кажувам дали е работата вака или онака.

Нешто што треба да го знаете како интелектуалец е следното г-дине Чифлиганец: Точно е дека вие израснавте меѓу македонскиот народ. Ние македонците кои не израснавме овде, благодарејки на истите тие кои денеска ни ја кројат судбината , дали сме ние виновни што не израснавме во сопствената макеоднска земја. Дали ние макеоднците од

Егејска Македонија сме виновни што не израснавме овде , благодарејки на судбината кои некој друг ни ја намени и бевме расштркани низ источноевропските земји. Не е виновен Флоровски што е роден во Будимпешта. Судбината ми била таква таму да се родам. За жал, не е прв пат да слушаме алузии на сметка на македонците од Егејска Македонија. Ова е само капак повеќе на она што беше креација на една големо српска политика диригирана од Белград дека Егејците се ослободители на белиот леб, дека Егејците ни ги зедоа становите, ни ја зедоа работата и т.н. Искрено да ви кажам, мислев дека тој период помина, меѓутоа, очигледно не е поминат. Дека во некои зачаурени макеоднски глави, а прашање е дали се макеоднски, сеуште стои конплексот на Македонците од Егејска Македонија. Судбината ни била таква истиот тој Запад кој денеска си игра со судбината на Република Македонија да не разнебити.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Флоровски имавте за реплика пет минути.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Успеав за реплика, да набележам некои кратки црти што г-динот спомна, а овде е ред да одговорам. Не е ова место за плачење и за лечење на комплески и докажување. Овде не е аудиториум пред кого исповед треба да дадете. Колку вие постигнавте и успеавте да направите во вашиот живот. Дали Флоровски на 45 години завршил нешто. Тоа за мене воопшто не е битно. Говорев за лична сатисфакција. Не дека Флоровски утре треба нешто да биде.Ниту гајам такви илузии, имајки предвид дека имам "остар јазик" во сопствената партија, за разлика, можеби од вас, кои сте со помек јазик, фигуративно кажано.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Флоровски Ви помина времето.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Господине потпретседателе Ве молам за уште една минута, бидејки сметам дека го имам тоа право, ако веќе толерирате некој да говори овде надвор од она што значеше напад и негова одбрана, дозволете уште во две три црти да завршам и мислам дека на тоа имам право.

Зборувате за морал. Мислам дека моралот кај Вас е мислена категорија. Говоревте за криминалот. Па јас не го продадов бакарот во Бор. Не ги правев зделките со македонското злато. Вие знаете за што зборувам. Едно време пишуваа и медиумите за тоа. А можеби и г-динот Бошковски на кој претходно се повикавте, можеби ќе се заентересира што е тоа што се случуваше во еден период.

Искрено да Ви кажам, многу ретко ќе ме видите да седам со г-динот Бошковски, освен приватно, а овде не, сигурно, совеста ми е апсолутно чиста. Не дека барам помош од него. Секогаш се навалувам на сопствените сили, фала му на Господ.

Ќе кажам и околу мојата ароганција. Не сте Вие тој кој треба да говорите дали е Флоровски арогантен, или не. Туку, ако можете соодветно да ми реплицирате, а не овде да ми кажувате приказни. Едноставно, да видиме кои со колкав ментален капацитет располага, па нека пресуди макеоднската јавност. Колку Вие сте умни, колку Вие сте паметни и во краен случај да потврдите дека се работи за макеоднски "вундеркинг" на постари години.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Флоровски Ви помина времето. Ве молам, бидете пократки.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Имаше околу мојата ароганција во мојата партија, а меѓутоа тоа не е Ваш проблем, тоа е наш личен партиски проблем, Вие решавајте си ги проблемите во СДСМ, а ние ќе си ги решаваме проблемите во ВМРО-ДПМНЕ. Воопшто да не Ви е гајле дали Флоровски е арогантен и на Флоровски да му правите психоанализа, или да се консултирате со пратеници на ВМРО-ДОЃПМНЕ колку сум јас омилен, или омрзнат во сопствената партија. Тоа е најмалку Ваша работа. А околу Вашата способност и придонес, сметам дека можеби, ќе се јават луѓе кои се покомпетентни да кажат кој сте Вие навистина, г-дине Чифлиганец. Ниту имам намера, ниту ме интересира кој сте Вие и колку сте дале.

И уште една работа: Јас реков дека луѓе со Вашите сособности, можеби ќе се залетаат Западно Европејците или Американците , веднаш да Ве побараат, а не реков да си одите од македонската земја. Немам право тоа да горечам на ниеден Македонец по род и по крв.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Александар Флоровски.

За збор се јави г-динот пратеник Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Почитувани колеги, мислам дека јас реков настапувам како пратеник, мимо пратеничката група и ја носам мојата целосна одговорност према овој дом, пред македонската јавност, па и пред СДСМ и пред Вас.

Се рекоа тешки квалификации, јас можеби се симнав на ниво на претходниот мој колега, меѓутоа јас сега уште еднаш изјавувам дека Ванчо Чифлиганец никогаш не бил во ниедни криминални стуктури, ни дирекно, ни индирекно. До колку Вие ми се заканувате, до колку Вие сте моќни, можете и тоа така да го исконструирате да го направите . Таа приказна е слушана многу и од пријатели и од неприајтели и од партијци, и од конкуренти. Моето мислење за Вас го имам лично према партијата, према поединци. За некои имам високо мислење, а за некои помалку и секој го има тоа право во овој демократски свет,

во оваа демократска Македонија, така барем ја нарекуваме.

За тоа што ме предизвикувате , и од ресорните министерства , со тоа господо се злоупотребува парламентарната говорница. Јас сум спремен господа, и да ме затворите и да ме притворите, но никогаш нема да подлегнам на такви притисоци дека светот ме сака да ја напуштам земјата, од устата на некој мој партијец тоа да го кажам. Тоа е заканување и злоупотреба на парламентарната говорница.

Ве молам, доколку нешто е добро, ако не сме во исти партиски клупи, не се трудете до крај да го уништите. Ако со ова што го правите не е доволно кажете. Но јас овде ова не го прифаќам господине Бошковски со целосен респект функцијата што ја обавувате. Го знам и Вашето мислење. Ако тоа Ванчо Чифлиганец го заслужува, а плус пратеник, тоа веднаш направете го. Затоа што, оваа македонска држава и во последната деценија сум и го правел и во спортот и во културата и во стопанството, и во економијата. Врвните резултати , не е трагедијата ако ги знаете, или ако не ги знаете. Добро е што делата остануваат. Во таа смисла можам да се натпреварувам лично и колективно, затоа што се сметам една од тулите што сум ја вградувал во оваа македонска држава. За тоа има секој право. Ванчо Чифлиганец како Вие ќе го третирате го имам тоа право. Сум го имал и сега го имам и понатаму ќе ја чувам оваа макеоднска држава.

Јас само да кажам, ниту сум имал , ниту имам , ниту помислувам да имам обезбедување, или лично наоружување. Зошто поедини пратеници имаат лично обезбедување пред сопствениот стан. Од кого се плашите? Од сопствениот народ г-дине Флоровски. Ванчо Чифлиганец ниту опсул човек, ниту ќе опсује. А Вие замислете се зошто имате лично обезбедување. Тоа е фактот што треба да се зборува пред оваа парламентарна говорница. Иако не сакам на Вашето ниво да се симнам , напротив, се што е добро како партија јас го подржувам. Вие не знаете од повеќе години, не само кога сум во опозиција.

Што се однесува до нервозата, не е точно. Мојот темперамент е тој не сум растревожен, напротив, се симнав на едно пониско ниво и зборувам со силата на аргументите. За афирмацијата не сакам да зборувам. Сите сме некои типови, или типчиња и тоа го прифаќам како што ме нарекувате и фризурата што ја носам го прифаќам. Така што во таа смисла не Ви се лутам. Никогаш не сум имал комплекс да ги делам макеоднските граѓани на големи, мали Македонци. Или Македонци од Егејскиот дел на Македонија. Ве молам, имам другари, пријатели, роднини, тоа никогаш не сум го рекол, а сега Вие тоа го кажувате. Ниту пак по национална, верска , или партиска припадност во мојот живот сум ги делел луѓето.

Во врска со мојата афирмација, дали сум се афирмирал, или не афирмирал, заслужен е мојот покоен татко. Беше амбасадор во Берлин, во Америка и т.н. и ме туркаше , форсираше, синче Ванче напредувај и тој е заслужен. Затоа што , 45 години , 55 години, 76 години служеше за оваа држава. Не знаеше што е одмор, што е кафана, што е партија, а ја сакаше оваа држава. Ги израсна петте деца од сопствениот вложен труд. Јас верувам дека овде многу деца се израснати така. И Ве молам, немојте да лепите такви етикети. За никој не сум рекол зачаурена македонска глава. Во животот и сега ќе Ви кажам дека некој дава поголем придонес, некој помал, некој намерно, некој не намерно. Јас знам како да се однесувам. Во таа смисла , не сакам такви етикети, ниту да лечам комплекси. Немојте Ве молам, не гледам некој искомплексиран овде. И кога сум бил во можност да изигрувам фигура, личност, тоа не сум го правел.

Ако ми се рече дека народот е загрижен, јас во овој момент сум загрижен за народот, со тоа што сум биран од 20 иљади граѓани избирачи, полнолетни кои стојат зад мене како и зад Вас што стојат.Во молам, ако не е така , значи не е во ред со мене и со било кој. Тоа е поентата. И на крајот, г-дине потпретседателе, господо колеги пратеници, господа од Владата на Република Макеоднија, мислам дека ја свртивме дискусијата во овој момент, најмалку тоа треба. Ајде да расправаме за економските прашања а тоа е најголема релаксација.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динто Ванчо Чифлиганец. Ве молам , оваа говорница не е за индивидуални карактеристики, односно дипломи и фамилијарни проблеми.

Мислам дека пратеникот има право да зборува само во име на своите избирачи и како таков, треба да биде

почитувано на оваа говорница. 0вие работи што ги слушнавме до овој момент, јас бев толерантен, затоа што самиот пратеник има право на пет минутна реплика. Тоа им го дозволивме на досегашните говорници.

Ги молам останатите, да водат сметка да не се злоупотребува оваа говорница, бидејќи да не заборавите и Вие и ние што сме пред Вас дека оваа говорница е само за доброто на нашите избирачи и пред се, на Република Макеоднија. Сето друго можам и од ова место да Ви честитам и за дипломите и за доктори на науки што сте, меѓутоа, за сите други реплики ги имате останатите медиуми , пишаните и електронските да реплицирате еден со друг и да не се согласувате. Меѓутоа, овде заради јавноста и заради оние колеги кои Ве слушаат да бидеме по внимателни што зборуваме на оваа говорница.

За процедурано се јави г-динот Ѓорѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван г-дине потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Собранието на Република Макеоднија денеска има една извонредна можност да направи нешто за невработеите и за стечајните работници, иако , ваков Предлог закон имаше и порано од име на СДСМ.

Меѓутоа, денеска после толку неможности да се состанеме , да дадеме можност како прва точка да ставиме да донесеме и да изгласаме со политички консензус во оваа сала за зголемвуањето на надоместокот на невработените и овозможување да одат во пензија стечајните работници со навршени 25 години работен стаж.

Јас апелирам на сите пратеници да се воздржат и од нашата парламентарна група од било какви реплики и од било какво одложување на седницата , или компликување на нејзиниот тек и да дојде што побрзо на дневен ред како прва точка :Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработенсот, со Предлог на закон и да го изгласаме што е можно во побрз рок овој закон.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот Ѓорѓи Спасов. Имавме два конкретни предлога да се стават две точки на дневен ред, како што јас успеав да го прочитам колегата Чифлиганец. Првата беше во врска со економската состојба во Република Македонија, а втората за распродажбата на РУДНИЦИТЕ на РМ. Јас така Ве сватив.

Го молам претставникот на Владата да се изјасни прво за двата предлога, па потоа се знае дека предлозите ќе бидат ставени на гласање.

**ЉУБЕ БОШКОВСКИ:**

Јас сум дојден да одговорам на прашањето на г-динот Мевљан Таири и за тоа разбрав додека траеше седницата на Владата.

Инаку, покрај другите прашања на дневен ред беше прашањето околу донесувањето на законот со кое би се решило прашањето за стечајните работници. Но, мислам дека тука има компетентни , да не излезе дека сега јас сум експерт во областа на економијата, кој ќе можат да одговорат на ова прашање. Но, ставот на Владата е да се причека околу донесувањето на законот, да се постигне политички консензус, онака како што кажа г-динот Спасов, меѓутоа, денеска, на денешната седница на Владата да оди решавањето на нај горливото прашање, сметам дека тоа треба да биде на една од наредните седници на Парламентот, бидејки сите аранжмани кои Република Македонија ги има кон Меѓународниот монетарен фонд и со другите финансиски институции, вклучувајки ја и Донаторската конференција, можат да бидат доведени во прашање, доколку избрзано се донесе денеска, на денешната седница на Парламентот законот за решавање на стечајните работници и надоместоците кои треба да ги добијат.

**ЉУБЕ БОШКОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Тоа е она што е став на Владата. Но, околу прашањето јас би сакал, бидејќи времето не ми дозволува имам неодложни средби, заминувам на пат, да одговорам околу прашањето кое го постави Мевљан Таири. Јас првично ја имам информацијата од Министерството за внатрешни работи.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи немаме претставник во врска со двата предлога на господинот Ванчо Чифлиганец, јас ќе морам првиот предлог да го ставам на гласање за да се изјасни Собранието.

Ве молам да гласаме за првиот предлог на господинот Ванчо Чифлиганец,

да се расправа во врска со економската состојба во Република Македонија.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Господине потпретседателе, кога колегата Мевљан Таири постави и бараше одговор од Владата на Република Македонија ние чекавме повеќе часови и ја одложивте седницата и кога дојде господинот министер Љубе Бошковски седницата се одржува. Ве молам, ако тоа прашање сте го респектирале и треба да се респектира од страна на колегата пратеник Таири и ова мое прашање кое се однесува за економската актуелна состојба во Република Македонија, барам ресорниот министер за економија во најмала рака Бесник Фетаи, или господинот министер за финансии Никола Груевски да биде овде. Ве молам, имајте ист аршин спрема пратениците без оглед на тоа дали е од СДСМ, дали е од ПДП, или е од ВМРО-ДПМНЕ. Ве молам имајте ист аршин. Јас ќе се чувствувам и моите избирачи ќе се чувствуваат дискриминирани затоа што имате различен аршин спрема пратениците.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине колега пратеник Ванчо Чивлиганец, извинете што на ваков начин ви се обраќам. Јас барав на оваа седница, бидејќи е нова седница да биде присутна Владата. Вие знаете дека денеска Владата заседаваше, така што господинот Бошковски дојде, меѓутоа за жал не се присутни другите. Сега вие инсистирате ние да имаме претставник од дотичното Министерство за да образложи дали треба да се стави на дневен ред, или не. Тогаш, јас како потпретседател сакам да ве натерам да размислите поинаку. Дали нас министрите ќе ни одредат по кои точки ќе работиме. Значи, ако даде виза министерот па да го ставиме на дневен ред, или ние сме законодавен дом кој треба да решаваме кои точки треба да се стават на дневен ред. Затоа јас велам да гласаме да се стави точката на дневен ред па тогаш министерот ќе мора да дојде кога ќе биде ставена точката на дневен ред. Јас друг излез од оваа ситуација немам, само вашиот предлог да го ставам на гласање. Повелете, ако мислите дека имате нешто поконкретно од ова. Меѓутоа, јас мислам дека најблизок колега соработник за сите нас е Деловникот. Деловникот вака ги предвидува овие работи.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Сутшината е една, праксата во оваа парламентарна сала е друга. Јас сум длабоко навреден како пратеник, бидејќи правите разлика од мојот предлог и од предлогот на колегата Таири. И ако можел еден министер да заврши седницата на Владата да биде ажурен и да биде овде, може и господинот Фетаи и господинот Груевски да бидат овде. На оваа Македонија и треба да расправаме за економски точки. Владата на Република Македонија најпрво одговара пред пратениците, пред сите нас. Ве молам, треба да бидат ажурни. Јас ова ќе го сметам дека не делите на пратеници во власта и пратеници кои не се во власта. Ве молам, со ова ќе бидам понижен како пратеник.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Јас ја прифаќам ваквата сугестија. Ја прифаќам вашата сугестија господине Чифлиганец. Дали ви е важно да се договориме сега, или ќе реплицирате меѓу вас. Токму заради тоа јас сакам да ви објаснам. Јас особено сакав да го избегнам она што господинот Ванчо Чифлиганец на некој начин ме нападна како потпретседател на Собрание како да јас најдов можност да го викнам министерот Бошковски заради господинот Мевљан Таири. Морам да ви одговорам од ова место дека јас како потпретседател ја викав цела Влада да биде присутна и впрочем таа треба да биде присутна во овие часови кога расправа Собранието. Меѓутоа, за жал како што гледате нема претставници од Владата од сите министерства.

Сега имам конкретен предлог. Додека ние расправаме за предлогот на господинот Мевљан Таири бидејќи министерот е тука, еве се надевам во меѓувреме дека ќе пристигне и министерот од тој ресор господинот Фетаи и некои други. Значи, меѓувремено стигна и министерот Груевски и продолжуваме.

Процедурално господинот Горѓи Спасов.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, очигледно дека министерот Љубе Бошковски не разбра всушност што јас кажував од говорницата и очигледно дека зборува за работи како и вообичаено за кои што воопшто не е информиран и не е компетентен. Тој во неговото појаснување рече дека заради донаторската конференција и заради обврските кон ММФ Владата во чие име тој настапува не се согласувала на денешнава седница да биде ставен законот кој што е за вработувањето и осигурување во случај на невработеност со Предлог на закон.

Би сакал да го информирам дека тој закон е ставен на дневен ред и дека ние всушност не баравме никакво мислење од него во врска со овој закон.

**ЉУБЕ БОШКОВСКИ:**

Јас не сакам воопшто да му реплицирам на господинто Спасов и не требаше господинот Спасов да открие дека јас не сум експерт во областа на економијата. Тоа јас сам го кажав и се согласувам со него дека не треба да зборувам за работи за кои не сум упатен. Но јас кажав еден сегмент, еден момент она што беше денеска разговарано додека не дојде министерот Груевски. А колку овој закон господине Спасов нема врска со донаторската конференција и колку овој закон е обоен со политика и колку господинот Бошковски зборува теми кои нему не му се познати ќе покаже годинава која е пред нас. Јас овде дојдов на седницата на Собранието по барање на Собранието, односно претседателот на Собранието. Сите сме должни да бидеме присутни на денешната седница и јас и не мислам од ова место да го злоупотребувам, да се докажувам колку сум верзиран за ресори кои не ми се мене дадени. Но, еден ден ми би де доделено Министерството за економија, тогаш можеби со својот рејтинг кој сега го имам, ќе одговорам и на ова прашање. Јас сега ќе му одговорам за она за што сум повикан, конкретно за прашањата кои ги постави господинот Мевљан Таири и заминувам од оваа сала.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Има збор господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги и почитувани претставници на Владата на Република Македонија. Денеска како и повеќе пати порано овој Парламент ја покажува својата немоќ, својата јаловост и околу тоа сакам да предложам тоа да се надмине барем на денешната седница, со оглед на тоа што одамна се немавме собрано во оваа сала, па кога веќе се собравме нешто и да сработиме, тоа што и од нас се бара. Ние се наоѓаме во фаза на утврдување на дневен ред. Деловнички таа постапка во Парламентот е објаснета и околу тоа не треба да спориме. Овде се направи една грешка што при предлози за дополнување, или измена на дневниот ред се допушти да се реплицира, што не треба во таква фаза да се допушти. Меѓутоа, тоа се направи и мислам дека понатаму не треба тоа да се прави. Јас предлагам да ја продолжиме расправата по дневниот ред, да го утврдиме дневниот ред, а притоа да го имаме во предвид и предлогот кој што нашиот колега Горѓи Спасов го даде, а кој што впрочем и писмено стигна до нас од една надлежна матична комисија. Тој закон кој што е предолжен да биде прв на дневен ред. Тоа е расправа по дневниот ред. Овде може да се отвори расправа по дневниот ред. Господинот министер за внатрешни работи може да го студира само кога ќе се побара од него дали прифаќа таква точка или не прифаќа таква точка на дневен ред. Ако се прифати, тогаш ќе објасни господинот министер. Инаку во оваа фаза нема што да објаснува. Ние расправаме по дневниот ред. Се знаат обврските и одговорностите на пратениците, се знаат одговорностите на Владата и во таа насока да ја надминеме оваа фаза за да почнеме денеска да работиме. Тоа ми е предлогот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Процедурално има господинот Александар Пандов.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Јас би имал забелешка пред се и до вас е таа забелешка како претседавач на седницава, а најповеќе до пратеничката група на СДСМ и ќе кажам во што е тоа. Имено, пред нас имаме сега дневен ред кој што треба да се дополни, треба да се направи и веќе еднаш да започне седницава. Поминуваат веќе незнам колку часови, а ние сеуште не сме почнале ни со првата точка. Од друга страна стратегијата, односно сценариото по кое што се одвива денешнава седница е кое, излегува господинот Ванчо Чифлиганец и наведува еден грст напади врз Владата, врз целата држава, врз одредени пратеници, па излегуваат некои си нивни таму координатори, или генерални секретари на нивната партија па објаснуваат како е важно овој, или оној закон за кој што апсолутно се сложувам дека треба да го разгледуваме ние како пратеници, дека народот од нас очекува токму тоа голем број на луѓе се засегнати со овие закони, да бидат донесени. И повторно ќе излеге господинот Ванчо Чифлиганец па ќе се гласа, или нема да се гласа. Така што имаме сега претстава од СДСМ која што веќе трае пет часа. На почетокот пак не доаѓаа, немавме кворум заради нивното отсуство, па сега излегува повторно господинот Бузлевски пак ни потврдува како ни е важна оваа седница, како треба да почнеме со утврдување на дневниот ред. Сите дискутанти се нивни, дека дискутант од друга политичка партија не постои и дека сами меѓу себе сега си полемизираат. Јас би ги замолил или нека

го извадат господинот Ванчо Чифлиганец надвор од сала па таму генералниот секретар, потпретседателката, не е битно кој, координаторот нека му укаже да се однесува како што треба во салата и да ни дозволат да работиме понатаму со седницава, или нека побараат пауза па да ни стане јасно дека денеска не сакаат да го утврдиме дневниот ред, нема да ни го дозволат тоа, па ќе чекаме утре. Вака многу глупо се чувствуваме, седиме и слушаме како полмизираат сами меѓу себе и ни кажуваат колку ни е важна оваа седница, впрочем на секој еден од нас.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Мислам дека на некој начин и вашата сугестија беше во тој правец да работиме. Меѓутоа, ништо ново не рековте, само одземавте од времето.

Имаме два конкретни предлога за господинот Ванчо Чифлиганец.

Молам, господинот Груевски да му објасни на пратеникот, бара да се стави точка на дневен ред за економската состојба во Република Македонија.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Мојата намера беше да се стави точка на дневен ред која беше ветена пред повеќе месеци на една од наредните седници да се рапсрава за актуелната економска состојба и за Предлогзаконот за невработеност, за обезбедување и осигурување. Јас немав лоша намера како пратеник. Ако во нешто некој погрешил, дискутирал, тоа е негов проблем. Јас сакав само тоа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Морам да ви речам дека одземате време, ќе бидам поригорозен по ова прашаше, бидејќи токму заради тоа му дадов збор на министерот Груевски да се изјасни дали го прифаќате предлогот од Ванчо Чифлиганец да се стави точка за економската состојба во Република Македонија. Дали прифаќате да имаме точка на дневен ред, или не?

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Точно е дека неодамна господинот Чифлиганец го отвори тоа прашање, побара таква точка да биде ставена на дневен ред. Веројатно заради преголема презафатеност на Владата досега не беше доставен материјал за тоа. Но, можеме да прифатиме за една од наредните седници можеби ако стигнеме и за првата наредна седница да доставиме материјал и да се расправа во Парламентот по ова прашање.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Предлогот на господинот Ванчо Чифлиганец за да ставиме точка на дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Нема потреба да се гласа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Ванчо Чифлиганец, ако вие сите викате од место, верувајте дека тоа не е Собрание. Затоа сум јас овде пред вас да раководам со седницата. Значи, штом министерот вели на една од наредните седници, вие инсистиравте пред малку. Значи, сега се откажувате. Значи, господинот Ванчо Чифлиганец ја прифаќа сугестијата на министерот Груевски на една од наредните седници да се расправа.

Дали инсистирате и вториот предлог да остане за некоја од наредните седници? Господинот министер да се изјасни за распродажбата на рудниците во РепубликаМакедонија.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Има збор господинот министер Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Со оглед на тоа што господинот министер Фетаи не е пристутен а кој ја води приватизацијата, најмногу што можам да прифатам во негово име е дека на една од наредните седници би можеле да прифатиме да се расправа за оваа точка. Да беше присутен тој можеби ќе прифатеше и на оваа седница да се расправа, но во негово име јас неможам да прифатам такво нешто. Значи најмалку што можам да прифатам е тоа да се расправа на една од наредните седници.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали господинот Ванчо Чифлиганец се согласува со образложението на господинот Груевски.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Ја прифаќам сугестијата на министерот за финансии, само се плашам да не биде доцна, до тогаш да се распродаде.

Доколку Министерството за економија, иако јас мислам дека тоа е во Министерството за финансии, би сакал да се вклучам, да дадам придонес, бидејќи се сметам за експерт од сверата на минералните суровини.

(Реакции во салата)

Чекајте господо. Јас мислам дека релацијата Чифлиганец министерот за финансии е за респектирање. Мислам би комуницирале така како што треба.

Јас ја прифаќам сугестијата, само се плашам да не биде доцна а во сверата на минералните суровини мислам дека имаме доволно капацитет како Република Македонија да направиме еден приод.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Ванчо Чифлиганец. Има збор министерот Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата вообичаено прифаќа соработка со оние кои подолго време се занимавале со работи од одредена област, така што можам да го поканам господинот Чифлиганец, иако не сум претседател на телото за структурни реформи, таму е претседател господинот Бесник Фетаи, на некој начин да се вклучи во тоа тело и да помогне со своите искуства во понатамошната работа. Како што знаеме тој повеќе години раководеше со Рудникот "Бучим" така што неговото присуство таму и неговите сугестии ќе бидат од големо значење.

**ОЛОМАН СУЛЕЈАМНИ:**

Му благодарам на господинот Никола Груевски.

Господине Чифлиганец вашиот предлог се прифати најобјективно и ќе бидете како експерт во таа група.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Јас никаков хонорар не барам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Имавме два конкретни предлога од господинот Мевљан Таири, па бидејќи е тука господинот министер за внатрешни работи еве да му дадеме збор.

Има збор министерот за внатрешни работи господинот Љубе Бошковски.

**ЉУБЕ БОШКОВСКИ:**

Колку што го разбрав господинот Мевљан Таири, станува збор за Танушевци, за велешките села каде што живеат припадници на дел од албанскиот народ и случајот околу докторот Седат Љумани од Скопје, на кого односно во чиј дом е извршено разбојништво.

Бидејќи предлогот до Владата е доставен во текот на денешниот ден и не е дојден во моето министерство, сметам дека треба да изработиме една целосна информација, бидејќи прашањата се многу осетливи, посебно прашањето околу Танушевци, прашањето околу велешките села, а не е ни за помал респект ни прашањето околу разбојништвото, бидејќи според првичните сознанија и она што ние го имаме како сведоштво од лицата кои живеат во домот на Седат Љумани е дека тие се нападнати од разбојници кои биле униформирани во маскирни униформи и една црна униформа.Исто така, на едно од нив имало натпис полиција, што значи дека постои можност за евентуална инволвираност или класична злоупотреба и лажно претставување на одредени службеници од страна на Министерството. Значи темите за кои можам денес да кажам се околу прашањето за Танушевци.

Ние денес на седница на Влада одлучивме, заедно со Координативното тело да донесеме решение за враќање на раселените лица во Танушевци и тоа најверојатно ќе го направиме на следната седница на Координативнотс тело.

Што се однесува до велешките села, тука има неколку ситуации кои до крај треба да се разјаснат. Значи во овој момент неможеме ништо конкретно да кажаме, па би ве замолил најдоцна до наредната седница на Парламентот да можеме да изработиме целосна информација, кога сметам дека барањето на независниот пратеник Мевљан Таири ќе биде задоволено.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Љубе Бошковски.

Дали пратеникот Мевљан Таири е задоволен од образложениeто на господинот Бошковски.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Го прифаќам предлогот на министерот и навистина очекувам за наредната седница да бидат изготвени овие информации затоа што не се работи само за чиста куртуазија за задоволување на една процедура, туку навистина се работи постбно во вториот случај,за случај кој заслужува посебно внимание од страна на МВР, затао што според првичните сознанија што и самиот министер ги кажа, изгледа се работи за организиран грабеж во кој учествувале и службени лица кои очигледно ја прекршиле својата должност и овластување и учествувале во грабеж со невидени размери и кој што е невиден на овие простори. Затоа овој случај заслужува посебно внимание од страна на МВР и очекувам да се изречат сите мерки за откривање и спречување на било какви идни случувања од тој тип.

**ОЛОМАН СУЛЕЈАМНИ:**

Му балгодарам на господинот Таири. За збор се јави господинот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, Ќе го искористам пристуството на министерот за внатрешни работи.

Господине министре имам прашање до вас кое е поставено уште на минатата седница и би ве замолил за мало внимание.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Стојменов ние расправаме за дневен ред. Не се работи овде за пратенички прашања.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Не се работи за пратеничко прашање, туку се работи за истото

дополнување на дневниот ред кое беше поставено на минатата седница и ни беше ветено дека ќе биде разгледано на оваа седница.

Се работи за постоење и дејствување на вооружени терористички групи на територијата на РМ, по усвојување на Законот за амнестија.

Почитувана Влада, почитуван министер,

Во Република Македонија и покрај тоа што се усвои Законот за амнестија, гледаме дивеење на вооружени групи, убиства, неформални параформации, парапогреби и несреќни случаеви. Понатаму гледаме вандализам, уништување на споменици, културни богатства на државата и газење по човечкото достоинство.

Господине министре, почитувани пратеници, ако денес ние успееме да собереме доблест, да ја ставиме барем оваа точка на дневен ред и да разговараме за неа, зошто се ова ни се случува на Република Македонија бидејќи господа, вие потпишавте закон за амнестија со кој ослободивте криминалци, злосторници....

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Стојменов, дајте конкретен предлог.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Барам информацијата што беше ветена од Владата за оваа седница ветена на нашата пратеничка група ВМРО-Македонска која ја предложи господинот Вангел Симев од име на пратеничката група минатата седница и му баш кажано односно ветено да биде ставена до крајот на седницата, како информација за постоење и дејствување на вооружени терористички групи на територијата на Република Македонија по усвојување на Законот за амнестија.

Сега кога зборувам за другиот дел, зборувам зошто е потребно да се стави на оваа седница и која е итноста да се стави на оваа седница. Мислам дека се држам до деловникот и ќе се трудам и во другите предлози да се држам за деловникот, а не да го правам она што се правеше во минатиот час од оваа говорница, реплики и бескрајни реплики а не да се расправаше за воспоставување на дневниот ред. Затоа би молел од претставникот на Владата да има разбирање за една ваква информација бидејќи сакаме да знаеме до каде е Владата со контролирање на територијата на РМ, кои планови ги има за контролирање на територијата на РМ и како размислува понатаму да ја контролира територијата на РМ после усвојување на Законот за амнестија. Со тоа ќе и дадеме можност таа да се амнестира, евентуално ако не е одговорна за некои прилики, ако се одговорни, да речеме некои странски фактори или пак секое непоставување на ваква точка на дневен ред сметам дека со тоа ќе покажат една неодговорност за ненадминување на овој пробле во РМ.

На крајот сакам, околу барањето на оваа точка дека во Македонија се случи акцијата неопходна жетва и на крајот во извештајот се кажа дека во РМ е собрано оружјето. Ние гледаме што се случува овие денови, колку се пука и што се се случува.

Втората информација за да не излегувам повторно која ја барам да биде поставена на денешната седница а која зависи од мислењето на Владата и која треба да ја подготви Владата на РМ е следната.

Собранието на РМ, се наоѓа во завршната фаза од својот мандат. Не остануваат ни шест месеци до редовните избори, а можно е и порано одржување на изборите. Заради тоа сметам дека од ова Собрание, од органите кои ги избираше од Владата, треба да тргнеме една енигма која често беше предмет на меѓусебни недоразбирања, разни размислувања и на денешните акции кои се случуваа во РМ за анализирање на минатото, што се случи за време на мандатот на овој Парламент некаде во ноември 1998 година.

Барам информација од Владата за извршената приватизација во мандатот на овој Парламент, значи од ноември 1998 година да биде уцврстено на оваа седница, во која би се содржало, кои субјекти и личности во РМ приватизираа, значи кои се сопствениците, колку општествен капитал беше приватизиран во овој период

во РМ, целиот општествен капитал колкав е, колку беше приватизиран во овој период и конечно многу важен за мене е момент е колку остварена вредност од приватизираниот, а колку не е остварена со дисконтите кои се дадени и кому му се дадени дискнтите во РМ.

Тоа е многу важен момент за кој треба да дискутира ова Собрание, на крајот од својот мандат, во последните шест месеци. Сметам дека тоа ќе биде прилика и Владата ако има хипотеки, да излезе од тие хипотеки со аргументи, да ги видиме сите дилеми меѓу различните политички субјекти во Собранието, кога се вели 90% беше приватизиран но во овој период, 90% во овој, колкава сума во овој период, колку милиони марки во другиот период. Сето тоа со една ваква информација би можело да се отргне од областа на мистиката и да се излезе, за да видиме дали во РМ имаше криминална приватизација или немаше, дали имаше корупција или немаше и дали приватизацијата беше по некој клуч или не беше. Затоа сметам дека ваквата информација е добра и тоа е прилика и Владата да даде свое видување на оваа значајна појава која се случуваше во РМ и евентуално ако има аргументи да ги сопре сие гласини за тоа дека се работи за криминална приватизација, партизирана приватизација и другите епитети кои се даваат.

За последната точка која зависи од Парламентот на РМ, бидејќи не е во врска со Владата, ќе си го задржам правото после да побарам дополнување. Значи во следното мое јавување.

На крајот сакам да кажам дека се надевам дека со точките нема да се случат реплики и нема да го одземам влијанието, конечно да дојдеме до Законот кој,верувам сите го очекуваме, законот кој им е ветен на работниците во РМ:

**ОЛОМАН СУЛЕЈАМНИ:**

Му благодарам на господинот Златко Стојменов.

Ги молам еден од двајцата министри, бидејќи за двата министри имаше теми за да се стават точки на дневен ред.

Има збор министерот Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Во основа Владата нема ништо против да се разгледа точката поврзана со приватизацијата на останатите неколку проценти што останаа за приватизација откако оваа влада го зема мандатот, бидејќи претходно беа над 90% приватизирани. Меѓутоа, се работи за обемен материјал што Агенцијата за приватизација и Министерството за економија треба да подготват, така што би замолил тоа да биде на една од наредните седници на Парламентот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот министер Груевски. Господине Стојменов, дали инсистирате да се уврсти точка во овој дневен ред,на оваа сендица?

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Бидејќи не се работи за итност како што е првата точка но бидејќи се работи за актуелнаа состојба за која многу се дебатира во РМ, би сакал ако може Владата да го прифати тоа да биде за првата наредна седница. Мислам дека тоа не би било тешко за Владата, бидејќи ние имаме две започнати седници кои ќе траат и Владата ќе има време да изготви една ваква информација за првата наредна седница на Парламентот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали господинот министер прифаќа да се изготви таква информација за една од наредните седници. (Да)

Значи министерот се согласува со вашиот предлог, на една од наредните седници да се изготви.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Јас неможам да дадам ветување за наредната седница, бидејќи се работи за многу работа, а Агенцијата за приватизација треба да подготват многу обемна информација и многу внимателно да ја подготви, па да ја усвои Владата односно прво Министерствотоза економија да ја прифати да ја достави до Владата, Владата да ја усвои. Така што незнам кога ќе биде наредната седница, тоа е малку неизвесно. Од таа причина да гласи на една од наредните седници, а ако можеме ќе биде и на наредните.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Господине Стојменов дали се согласувате со предлогот на господинот Груевски.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Се надевам дека ова не е алиби на Владата и на министерот за финансии да го одолговлекуваат изнесувањето на овие податоци. Владата е должна да врши многу работа, посебно што е од јавен интерес и во интерес на граѓаните на РМ, а Владата секако се согласува со мене дека

приватизацијата во РМ е интерес на граѓаните во РМ и нивни интерес е да знаат како тоа се случуваше, колку, зошто и со кои погодности. Затоа би ја замолил Владата што побргу да ја достави оваа инфорамција.

Јас сепак би апелирал за првата наредна седница.

Го прифаќам предлогот, очекувам ако Владата не успее да го достави предлогот за наредна седница јас си земам обврска да го потсетам министерот и министрите на оваа обврска.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Стојменов.

По вториот предлог образложение ќе даде министерот Љубе Бошковски.

**ЉУБЕ БОШКОВСКИ:**

По првиот предлог во овој момент можам да кажам дека од област на организираниот криминал, посебно во приватизацијата имаме поднесено стотици кривични пријави. Последната кривична пријава која сигурно ќе го заинтересира господинот Стојменов е приватизацијата на Анска Река-Валандово за која имаме покренато целосна постапка и која е во тек. Исто така Скопјанка ја испитуваме во целост, и да не набројувам. Така што овие енигми кои ги кажува Стојменов брзо ќе бидат откриени.

Што се однесува до прашањето на кое исто така сум компетентен да одговорам, прашањето околу актуелната безбедносна ситуација и појавата на вооружени групи по донесувањето на Законот за амнестија.

Ние денес, кажувам овде пред овој Парламент дека не откривме ништо ново. Ние укажувавме дека и пред и по донесувањето на Законот за амнестија има вооружена група која излезе со првите коминикеа, а тоа беше и сеуште е таканаречената АНА која дејствува на теренот, иако претставниците на меѓународната заедница вљубени и шармирани до максимум од миротворната политика на Али Ахмети, сметаа дека Али Ахмети може да ја контролира целата територија.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Морам да интервенирам. Имавме конкретен предлог за актуелната безбедносна ситуација а вие без потреба почнавте да елаборирате.

**ЉУБЕ БОШКОВСКИ:**

Јас во овој момент можам да кажам дека сум спремен, бидејќи денес заминувам на пат, инаку сум спремен да одговорам за секој негов дел, да го одложиме тоа за првата наредна седница за ектуелната безбедноста ситуација и за феноменот на оваа нововооружена формација АНА ќе дадам целосен одговор. Во овој момент морам да кажам дека на овој начин процесот ан мирната реинтеграција е запрен и дека инцидентот се случи на територија која сеуште не е под контрола на безбедносните сили на Република Македонија.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот Бошковски.

Дали г. Златко Стојменов се согласува со излагањето и со она што одговори министерот.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Брзајќи министерот денеска за пат не за концерт или за некоја друга претстава е доста конфузен и збунет, пред малку зборуваше на претставникот на СДСМ како не е воопшто компетентен и стручен по економија и финансии, а сега наеднаш стана стручен за финансии и економија и за процесот на приватизација, но добро брзо се трансформира, брзо станува стручен, така стручен беше и со упадите 1998 година во Силекс и слични комбинати, па до ден денеска немаме резултати, меѓутоа, тоа е минато време.

Што се однесува до информацијата за која е стручен, а за која брза и нема време додека гинат македонци, и етнички се чистат, додека се рушат споменици во РМ, прифаќам и за првата наредна седница.

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Златко Стојменов, меѓутоа, мислам дека нема потреба дали некој е во конфузија или не сепак тоа се наши луѓе кои сме ги избрале како Влада.

Повелете министре Бошковски.

**ЉУБЕ БОШКОВСКИ:**

Воопшто не се работи мислам дека конфузијата е на страна на г. Стојменов, тој е очигледно во конфузија, ние зборуваме од областа на кривичното законодавство каде што сум одговорен, бидејќи покрај моите импутирани професии од разни животи вака да ги наречеме сегменти е и познавањето на правото, бидејќи тоа имам студирано на Скопскиот Универзитет многу одамна и

тука сметам дека сум верзиран и дека од областа на кривичното законодавство можам да одговорам на прашањето околу поднесените кривични пријави, а ги земав за пример заради некои енигми кои ги постави г. Стојменов.

Господине Стојменов подготвен сум да одам и на концерти, но најжестоките концерти кога се рушеше македонскиот суверенитет и интегритет низ концертите на митралезите, пушките и друго поминав во Тетово за што има записи, можете секој момент да ги побарате од македонската и од другите независни телевизии, а првата незнам колку е независна.

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот.

Нема реплика на министерот, ве молам, вие баравте точка и министерот прифаќа на една од наредните седници да има точка на дневен ред за актуелната безбедносна ситуација.

Дали инсистирате предлогот да го ставам на гласање пред Собранието?

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван потпретседателе, јас веќе се согласив во претходната фаза точката да биде ставена на првата наредна седница. Со тоа заврши дискусијата. Вие го прекршивте Деловникот, бидејќи дадовте дополнително збор на министерот за внатрешни работи. По таа логика и јас побарав реплика да му одговорам на министерот за внатрешни работи дека сепак сам си поставува прашање, одговор на прашањето кое не му беше поставено, а прашањата кои му беа поставени и се лична негова одговорност ги избегнува за некој натамошен период.

За тоа, како г. министер го одбрани суверенитетот на РМ, на сите луѓе во РМ, им е познат, бидејќи и ден денеска тој не владее со суверенитетот на РМ, и ден денеска има иселени македонци по домовите и ден денеска се пука, се уништуваат религиозни објекти и се гази и врз живите и врз мртвите.

Благодрам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Златко Стојменов. Очигледно некој е во конфузија, меѓутоа, вие имате два конкретни предлога. На едниот ви одговори г. министер Груевски, а второто беше до министерот за внатрешни работи г. Бошковски. Мислам дека и вие и министерот сте во конфузија и двајцата.

Продолжуваме понатаму, еве процедруално г. Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Господине потпретседателе, кога зборуваме за конфузија, ви објаснував дека вие конфузно давате збор. По завршениот деловнички прифатениот предлог од предлагачот за следната наредна седница вие му дадовте збор на министерот за внатрешни работи. Тука е конфузијата. Немојте да ја злоупотребувата позицијата прв меѓу еднаквите и да давате квалификации од таа позиција. Благодарам, не сакам да влегувам во реплики кои ќе го симнат нивото на Парламентот.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Златко Стојменов. Еве министерот пак се врати.

**ЉУБЕ БОШКОВСКИ:**

Се извинувам ова се веќе психолошки категории, има други експерти од десната и левата страна, но сакам да ви кажам дека јас г. потпретседателе јас прифаќам не на некоја од наредните, но на наредната седница на македонскиот Парламент да се зборува за актуелната безбедносна ситуација со што се согласувам со г. Стојменов дека денеска не можам во овој момент да одговорам на сите барања, туку на првата наредна седница. Мислам дека тука нема никаква конфузија.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот Бошковски. Господинот Флоровски процедурално.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Господине потпретседателе, имам чувство дека денеска сте расположени за давање квалификации прво на Стојменов, па на Чифлиганец, претходно на Пандов, јас не знам во кое својство овде коментирате што треба да кажат пратениците. На дискусијата на Пандов велите дека тоа е веќе спомнато, на дискусијата на Стојменов дека е тоа конфузија, на Чифлиганец незнам што кажувавте, немате право вие да коментирате што говорат пратениците и што сакаат да кажат.

На крај да не заборавате дека вие сте избран и со гласовите на ВМРО-ДПМНЕ. Спрема тоа, ве замолувам да се

однесувате соодветно со респект не само кон пратениците на ВМРО-ДПМНЕ туку и кон сите пратеници. Доколку сакате да давате коментари симнете се од таа говорница, дојдете и настапете како пратеник на ПДП и кажете што мислите. Се плашам да не се претвори во пракса ова што денеска го правите. Значи, ве замолувам со дигнитет и без коментари на излагањата на пратениците.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Флоровски.

Не сакам да ви одговорам од ова место, за друг пат ќе оставиме за таа говорница, меѓутоа, јас апелирам до сите вас почнувајќи од мене да работиме сите тоа го велиме, а кога треба да се работи наоѓаме некои иницијативи самоволни критики и самокритики и токму заради тоа сакав да ви обрнам внимание оти и јас сум меѓу првите овде фактички меѓу вас што сте ме избрале овде и јас тоа го ценам, меѓутоа, затоа барам да ме слушате бидејќи ако сите меѓу себе реплицирате на место, а не од оваа говорница, тогаш не се вика Собрание, туку некаков панаѓур или незнам што.

Јас сум токму во улога да го штитам дигнитетот на пратеникот и на самото Собрание.

Продолжуваме понатаму со работа.

За збор се јави г. Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседеле, почитувани колеги.

Тоа што ме понесе на еден начин и јас да барам точка за дневен ред, а денеска слушам дека одговорите се на наредната седница треба да има точка на дневен ред за одредена состојба, па за да бидеме пореални и поконструктивни во овој случај, тогаш да не даваме квалификација за состојбите, имаше еднострани квалификации и од министри и од предлагачи, тогаш јас предлагам една точка на дневен ред за наредната седница и политичко безбедносната состојба во РМ, кога велам РМ мислам на цела територија на РМ, и како се спроведува Рамковниот договор.

Мислам дека тоа е точка која на еден начин ќе ни овозможи на сите нас да ги искажеме нашите мислења врз основа на таа информација и за состојбите во РМ, и за динамиката на спроведување на Рамковниот договор.

Благодарам. Тоа е мојот предлог.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Исмет Рамадани.

Ние расправаме за денешната седница, а вие имате предлог за една од наредните седници да се стави точка на дневен ред.

Преземам обврска со допис до Владата да се обратиме за една од наредните седници да имаме точка на дневен ред, или за наредната седница.

Благодарам.

За збор се јави Љупчо Анушев.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Бидејќи од 11,00 часот седам овде во клупиве и во ходнициве, се изнаслушав јалови работи, па еве и јас да се вклопам во една јалова дискусија. Со оглед на тоа дека три години посавувам едно исто пратеничко прашање а не ми е одговорено највероjатно треба да го поставиме на дневен ред, па еве јас предлагам на дневен ред да се постави плаќањето на концесии за Цементара и Радика. Мислам дека навистина нема смисла после три години да не се одговори на тоа прашање, па веројатно како точка на дневен ред ќе добијам одговор. Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Љупчо Анушев.

Дали претставникот на Владата ќе одговори дали Владата е подготвена да ставиме точка на дневен ред иако личеше малку несериозно како пратеничко прашање, меѓутоа, може да се модифицира како точка на дневен ред.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Точката е интересна за расправа, концесиите ги води Министерството за економија, па ќе треба да подготви извештај и еве да речеме на првата наредна седница да се расправа за таа точка.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот Груевски.

Дали г. пратеник се согласува на една од наредните седници. Повелете.

**ЉУПЧО АНУШЕВ:**

Господине потпретседателе, прво сум изненаден од вас што ми рековте дека е несериозно прашањето затоа што три години го поставувам. Јас сум изненаден зошто до сега не добив одговор инаку до сега стално беше на

наредна седница, на наредна седница, последниот пат пред две седници повторно го поставив ми рекоа на наредна седница ќе биде и тогаш бев задоволен и сега пак ќе бидам задоволен, веројатно во наредниот мандат, како што рече мојот колега Поповски. Еве, ако навистина биде на наредната седница би бил задоволен.

Благодарам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Љупчо Анушев. За збор се јави г. Љатиф Пајкоски.

**ЉАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Господине потпретседател, почитувани претставници на Владата, јас барам Владата за оваа седница да подготви информација за преземените активности од страна на Министерството за транспорт и врски со обезбедување на приклучок на регионалниот водовод Росоки-Дебар, а за потребите на едно од најголемите Рекански села -Скудриње.

Имено, овој проблем јас на два пати го имам поставувано како пратеничко прашање и два пати добивав устен одговор дека надлежното министерство ќе се ангажира да го реши ова прашање. Иако од тогаш поминаа повеќе месеци односно години проблемот се уште останува отворен. Можеби некој ќе смета дека се работи за пратеничко прашање, но јас овој пат барам информација која ќе биде на дневен ред на оваа седница затоа што 3.000 жители се соочуваат со големи проблеми односно јас ве уверувам дека во летните месеци населението од ова планинско село ќе се соочи со епидемиолошка катастрофа. Се работи за целосно секнување на и тие мали селски извори. Проблемот е многу сериозен и затоа барам информација која по расправата на оваа седница ќе предизвика соодветни заклучоци.

Инаку, информиран сум дека се преземени одредени активности од страна на наведеното министерство, но убеден дека сепак се работи за политички причини зошто прашањето не е решено, барам овој Парламент да расправа и на крајот да произлезат соодветни заклучоци односно задолженија за надлежното министерство.

Благодрам.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Љатиф Пајкоски.

Дали претставникот од Владата ќе се изјасни околу неговиот предлог. Повелете г. Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Во отсуство на министерот за транспорт јас би прифатил на една од наредните, а по можност првата наредна седница да се расправа за оваа точка. Владата да подготви информација, да ја усвои и да ја достави до Парламентот. Инаку со случајот не сум запознат, бидејќи не е во мојот ресор.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот Груевски.

Дали г. Љатиф Пајкоски се согласува со она што ветува министерот Груевски за една од наредните седници.

**ЉАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Јас сепак би молел претставникот на Владата во отсуство на надлежниот министер да прифати таа информација да биде на наредната седница затоа што ако биде на една од наредните седници јас не сакам да верувам, но така ќе биде всушност и овој мандат нема да се обезбеди на луѓето од Скудриње да користат вода. Една од наредните седници значи може би на некој друг состав на Парламентот. Сепак би молел затоа што мислам дека е возможно, Министерството располага со податоци, еве прифаќам за наредната седница да се разгледа таа информација.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г. Љатиф Пајкоски.

Мислам дека министерот рече по можност на една од наредните седници.

Дали се согласувате.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Јас се надевам дека министерот за транспорт г. Балковски ќе направи се да биде тоа на првата наредна седница, но не можам во негово име да гарантирам. Јас реков пред малку на една од наредните по можност на првата наредна.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на министерот. Господине Пајкоски дали се согласувате?

**ЉАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Да, се согласувам, но сепак повторувам молам тоа да биде на првата наредна седница.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За збор се јави г. Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Ова е веќе седми пат што ургирам и протестирам да се стави на дневен ред а таа точка е веќе ставена уште на 59-тата сдднища, таа седница е веќе изгубена и незнам во кој простор се наоѓа и во кое време. Лично како пратеник доставив писмено барање до претседателот на Парламентот. Информацијата која е ставена на дневен ред за загрозеноста на населението во Лојане и Ваксинце преку 6.000 луѓе од агенсите спомнати во Информацијата, таа информација е помината низ сите комисии во Парламентот и поради тоа што таа точка е ставена на дневен ред во 2000-та година повторно протестирам.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:** продолжение)

Протестирам повторно до вас и до Парламентот. Барам денес да се стави таа точка на дневен ред, затоа што по се изгледа ние како Парламент а и вие г-дине потпретседателе заедно со претседателот на Парламентот треба да соберите сили еколошките точки кои значат загрозување на луѓето во оваа држава да се стават и да имаат приоритет.

Од таа причина барам поддршка од сите пратеници во име на здравиот разум и здрав живот за луѓето и граѓаните во тоа подрачје таа информација, која било прифатено да се стави на дневен ред, да се стави на дневен ред на оваа седница.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Благодарам на г-динот Аслан Селмани.

Има збор заменик министерот Марјан Додевски.

**МАРЈАН ДОДЕВСКИ:**

Точко е дека информацијата е изготвена од Министерството за животна средина и просторно планирање. Беше разгледувана во работните тела на Владата како и на Владата и беше доставена до Собранието на РМ. Ние по таа информација дискутиравме и на собраниските комисии како и на Комисијата за екологија, млади и спорт и таа точка беше ста-вена како точка на дневен ред на една од изминатите седници.

Јас оваа точка би ја вклучил заедно со уште неколку информации кои ги има подготвено нашето министерство до Собранието на РМ и чекаат за дискусија.

Ние имаме упатено и неколку писма со единствена цел точките кои се однесуваат на проблемите со животната средина да бидат ставени што е можно поитно на собраниуска расправа.

Значи, мој предлог е не само оваа точка, туку и другите точки од сферата на животната средина, а кои се наоѓаат како точки на дневен ред на неколку изминати седници на Собранието на РМ да се стават на една заедничка седница на која Собранието би расправало токму по темите од животната средина.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Дали г-динот Аслан Селмани се согласува со тоа Собранието да расправа по сите информации во врска со загаденоста во РМ.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Не се согласувам и барам таа точка да се стави на дневниот ред на денешната седница.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За тоа ќе мораме да гласаме.

**МАРЈАН ДОДЕВСКИ:**

Незнам колку е можно префрлувањето на некоја точка од дневен ред на една седница во дневен ред на оваа седница. До колку е тоа можно и ако се стави како последна точка на дневен ред не гледам ништо лошо да не се дискутира по таа информација која ние ја имаме веќе изготвено. Меѓутоа мислам дека постојат можности ние да изготвиме уште една дополнителна информација, затоа што таа информација е изготвена пред година ипол.

Значи, може како последна точка да се стави и да се дискутира по таа точка.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Едно објаснување до сите нас.

Фактички точката - Информација за загаденоста во Куманово, и јас имав една таква точка за ТЕ "Осломеј"-Кичево, меѓутоа за да излеземе од оваа ситуација г-динот пратеник Аслан Селмани бара да се гласа точката од некоја претходна седница да се пренесе на денешната седница.

Ве молам да гласаме за тоа дали се согласуваме да имаме точка на дневен ред во врска со загаденоста во Куманово.

Молам да гласаме.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Молам да го повториме гласањето.

(пратениците влегуваат во салата)

Очигледно немаме доволен број на пратеници.

Ги молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата.

(пратеници влегуваат во салата)

Во салата се присутни 59 пратеници.

(пратеници влегуваат во салата)

Молам да се вклучи системот за гласање и повторно да гласаме за предлогот на г-динот Аслан Селмани.

Ги молам службите да ги пребројат присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Ве молам да го повториме гласањето.

(пратениците гласаат)

Присутни во салата има 64 пратеници од кои 41 гласале за, 10 воздржано и 13 против.

Констатирам дека предлогот на г-динот Аслан Селмани се усвојува.

За збор се јави г-динот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, дами и господа пратеници,

На една од минатите седници побарав годишниот извештај за извршените ревизии за работа на Државниот завод за ревизија за 2000-та година да биде ставен на дневен ред и образложив зошто е тоа наша должност. Како и многу пати дотогаш Собранието со надгласување одби да изврши една своја законска функција.

Тогашниот претседавач на Собранието дури кажа дека тоа ќе го ставиме за наредната седница, одтогаш поминуваат наредните седници и сега јас повторно барам на дневен ред на оваа седница да се стави годишниот извештај за извршените ревизии за работа на Државниот завод за ревизија за 2000-та година.

Во образложението би сакал да потсетам дека Собранието има законска должност овој извештај да го стави на дневен ред.

Јас неколку пати на г-динот Андов му се обраќам на седница на Собранието да ја исполни својата законска обврска, а г-динот Андов тоа го одбива а како работиме во последно време месец дена не е ни влезен во салата на Собранието и веројатно заборавил дека една од главните обврски му е да ги води седниците на Собранието, а потпретседателите упорно одбиваат да го стават тоа на дневен ред без негова соглансост, затоа што така требало, а г-динот Андов не си ја врши функцијата очиглендо.

Сега затоа потсетувам согласно Законот за државна ревизија член 11 , Државниот завод за ревизија ги врши следниве работи.

Во точка 3 се вели "поднесува годишен извештај за извршените работи и за својата работа".

Во член 12 од истиот закон се вели дека Извештајот за кој станува збор се поднесува до Собранието на РМ најдоцна во роковите кои се тука назначени и кои се исполнети.

Со оглед дека веќе одамна извештајот е изготвен согласно законот и доставен до Собранието предлагам денеска Собранието да го вклучи на дневен ред овој извештај со тоа што ќе ја исполни својата законска обврска да расправа за извршените ревизии што е во надлежност на Државниот завод за ревизија односно државниот ребизор кој е во надлежност на Собранието на РМ.

Ве молам предлогот да го ставите на гласање.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ќе мораме да гласаме за Предлогот на г-динот Никола Поповски, меѓутоа во името на претседателот на Собранието г-динот Стојан Андов ви кажувам и вас и на јавноста дека тој и денеска е оправдано отсутен. На почетокот на седницата прочитав дека е оправдано отсутен.

Молам да гласаме за Предлогот на г-динот Никола Поповски.

Ги молам пратениците да влезат во салата, бидејќи немаме доволен број на пратени ци за полноважна работа на Собранието.

Ве молам да го повториме гласањето.

Предлогот на г-динот Никола Поповски го ставам на гласање.

Вкупно гласале 65 пратеници од кои за гласале 32 пратеници, воздржано 18 и 15 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои предлогот на г-динот Никола Поповски.

Г-динот Никола Поповски бара збор процедурално.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Со оглед дека повторно мнозинството на пратеници од Собранието со просто надгласување ги избегнуваат законските обврски да расправаат за овој извештај и бидејќи објективно се сомневам дека има 65 пратеници во салата барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

(некои пратеници креваат рака)

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Бидејќи има поддршка од 10 пратеници молам да се пристапи кон поединечно гласање.

**КАРОЛИНА ОГЊАНОВИЌ-ЧУКАЛИЕВА:**

ЈОНУЗ АБДУЛАИ-воздржан
АБДУРАХМАН АЛИТИ-отсутен
АБДУЛА АЛИУ-отсутен
ЌАНИ АЛИУ-отсутен
МИЛОЈКО АНГЕЛОВСКИ-за
СТОЈАН АНДОВ-отсутен
КИРИЛ АНДОНОВСКИ-отсутен
МАГДАЛЕНА АНТОВА-ВЕЛЕВСКА-за
ЉУПЧО АНУШЕВ-воздржан
АМДИ БАЈРАМ-отсутен
ДЕМУШ БАЈРАМИ-отсутен
ФАДИЛ БАЈРАМИ-отсутен
ДИМИТАР БАТКОСКИ-отсутен
МЕРСЕЛ БИЉАЛИ- за
ВАЛЕНТИНА БОЖИНОВСКА-отсутна
ЈОРДАН БОШКОВ-за
ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ-за
АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ-отсутен
СЛОБОДАН ГАРЧЕСКИ-отсутен
ВАСИЛ ГАЦОВСКИ-отсутен
МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ-воздржан
ТРАЈКО ГЕШОСКИ-воздржан
АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ-за
ДАНИЛО ГЛИГОРОСКИ-отсутен
ПЕТАР ГОШЕВ-отсутен
СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ-воздржан
ЗАМИР ДИКА-воздржан
ВАНЧО ЃОРЃИЕВ-за
ИЛИЈА ГОРГИЕВ-за
ФАТМИР ЕТЕМИ-отсутен
ВАСИЛ ЕФТИМОВ-воздржан
НАСЕР ЗИБЕРИ-за
ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО-отсутен
МИРКО ИВАНОВ-за
ИЛИЈА ИЛОСКИ-за
ДЕЛЧЕ ИЦКОВ-отсутен
ЖАРКО ЈАНКОВСКИ-воздржан
НИКОЛА ЈОВАНОВ-за
ВЕСНА ЈОВАНОВСКА-воздржана
МАРИКА ЈОРДАНОВА-воздржана
НАЗМИ КАДРИУ-отсутен
РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ-отсутен
ЖАРКО КАРАЏОСКИ-против
РЕНАТАКЕРПИЧОВСКАБОШЕСКАвоздржана
МИТКО КИРОВ-отсутен
ЛАЗАР КИТАНОСКИ-за
САВО КЛИМОВСКИ-отсутен
СТОЈАН КОВАЧЕСКИ-за
ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ-воздржан
ИЛИЈА ЛАЗАРОВ-воздржан
ГОРАНЧО ЛАЗОВ-отсутен
БИЛАЛЉУТФИИ-отсутен
ЈАНИ МАКРАДУЛИ-за
ВАСЕ МАНЧЕВ-отсутен
НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ- ДИМОВА-за
ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА-воздржана
ДЕСПИНА МАРКОВСКА-против
ЗВОНКО МИРЧЕСКИ
ДРАГАН МИТЕВСКИ-отсутен
КИРИЛ НАСТЕСКИ-за
РУБЕНС НАУМОВСКИ-воздржан
ГОРАН НЕВЕНОВСКИ-отсутен
ЛАТИФ ПАЈКОСКИ-отсутен
АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ-отсутен
ВАНЧО ПАНЧЕВ-отсутен
ИЛИЈА ПЕМОВ-воздржан
ТИТО ПЕТКОВСКИ-за
ЧЕДО ПЕТРОВ-воздржан
ТОМИСЛАВ ПЕТРОВСКИ-воздржан
АЗИС ПОЛОЖАНИ-отсутен
СТОЈАН ПОПОВ-отсутен
ЉУБОМИР ПОПОВСКИ-за
НИКОЛА ПОПОВСКИ-за
ИЛИЈА ПРАНГОСКИ-против
ИСМЕТ РАМАДАНИ-за
ЉУПЧЕ РИСТЕСКИ-против
НЕНАД РИСТОВСКИ-отсутен
АЦЕ САЈКОСКИ-против
АСЛАН СЕЛМАНИ-за
БОРЧЕ СИБИНОВСКИ-против
ВАНГЕЛ СИМЕВ-за
РИСТО СПАНАКОВ-воздржан
КРАЛЕ СПАНЧЕВСКИ-воздржан
ЃОРЃИ СПАСОВ-за
МИЛАН СТАВРЕВ-воздржан
НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ-отсутен
ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ-отсутен

ВОИСЛАВ СТОЈАНОСКИ-отсутен
БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ-за
ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ-за
ВЛАДО СУГАРЕВСКИ-воздржан
ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ-за
РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ-отсутен
МУХАМЕД ТАИРИ-отсутен
АЛЕКСАНДАР ТАЛЕВСКИ-отсутен
МЕВЉАН ТАХИРИ-отсутен
МИТКО ТИЛЕВСКИ-отсутен
ЃОРГИ ТОДОРОВ-отсутен
РИСТО ТОДОРОВ-за
ПАВЛЕ ТОДОРОВСКИ-воздржан
ПАНДЕ ТОМОВ-отсутен
КОЦЕ ТРАЈАНОСКИ–отсутен
ГОРАНЧО ТРАЈКОВ-отсутен
ТАНАС ТРАЈКОВСКИ- отсутен
АЛЕКСАНДАР ТРПЕВСКИ-отсутен
БОРИСЛАВ ТРПОВСКИ-за
СЛОБОДАН ЌОСЕВ-отсутен
ТАКИ ФИТИ-отсутен
АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ-отсутен
ИЛИЈАЗ ХАЛИМИ-отсутен
БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ-за
СЕЈФЕДИН ХАРУНИ-отсутен
КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА-отсутен
БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ-отсутен
МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ-воздржан
ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ-за
АРБЕН ЏАФЕРИ-отсутен
АЛИЈА ШАЏИЌ-отсутен
РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА-за

Дали има некој што е присутен , а да не е прочитан, да не гласал? (нема)

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

За предлогот гласаа 32 пратеници, против 6, воздржани 25. Вкупно гласале 63 пратеници.

Констатирам дека предлогот на господинот Никола Поповски не го доби потребното мнозинство.

За збор се јави господинот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Сигурен сум дека ова точка би требало да се стави на дневен ред по автоматизам, а не по принцип на надгласување, од причина што нормата тука односно прописот што е во овој закон е од императивен карактер, така што задолжително мора да се постави на дневен ред поради тоа што тоа го предвидува законот. По таа логика, ние откриваме или формираме друг институт.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ги молам пратениците да седнат на своите места.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Ве молам, ако може да се сослушаме.

Тој институт, значи институт на одлучување од страна на ова Собрание, дали да се почитуваат законите, или нема да се почитуваат законите. Значи, по таа логика, ние за секој закон можеме тука да одлучуваме дали ќе се почитува или не. Тоа значи самото Собрание ги крши законите што самото ги донело.

За тоа сметам дека не би требало точката да се стави на дневен ред по принцип на одлучување од страна на пратениците, туку по автоматизам, по законска сила, затоа што императивна норма е тоа да биде на дневен ред.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Мерсел Биљали.

Очигледно веќе не можеме да бидеме против тоа што е став на поединец, односно кога се изјаснува комплетно Собранието со мнозинство гласови.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Лазар Китановски.

Ги молам пратениците да седнат на своите места за да можеме слободно да работиме. Немојте да се шетате по салата.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Господа пратеници, претставници од Владата, додека траеше седницата, ми се јавија студенти од неколку факултети, од Правниот факултет, Економскиот факултет, Електромашинскиот факултет. Таму се одржува гласање за претседател на Студентската организација. Околу објектите, на Електромашинскиот факултет и во самиот објект, има голема група на луѓе кои не се студенти, не се на Правниот факултет,но се на Економскиот факултет, не се на некој факултет, кои имаат насилнички изглед и би сакал претставникот на Владата да одговори кои се тие лица и дали е преземено нешто да се отстранат од факултетскиот кампус. Со тоа е повредена автономијата на

Универзитетот. Ве молам, кои се тие лица, кои ги организирал, зашто ако се случи да влезат и да направат непријатни настани, внимавајте на Универзитет, тоа ќе биде катастрофа и за ова Собрание и за оваа Влада. Никој тоа нам нема да ни го прости. Незнам дали е уште тука министерот Бошковски, големиот патриот. Да земе, да ги спаси барем младите деца од вакви силеџии, од вакви насилници кои не се студенти. Ако не е тука министерот, ве молам да одговори претставник на Владата за ова прашање.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Лазар Китановски.

Мислам дека имаме претставници на Владата. Пред малку беше тука и министерот Љубе Бошковски. Ако е ситуацијата таква како што ни ја опиша господинот Китановски, тогаш мислам дека не доликува тоа на нашата Република.

Има збор господинот Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Бидејќи господинот Китановски пред малку влезе во просторијата во која разгледувавме некои амандмани и ме информира за ова што сега го изнесе пред Парламентот .........

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Ве молам за тишина колеги пратеници додека зборува министерот Груевски. Имајте почит.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Како што реков, ме информира за она што тој дознал дека се случува. Малку време пред тој да настапи на говорницата, јас се јавив да побарам некои луѓе што ги познавам и да прашам што се случило. Ме известија дека нема никаков инцидент до овој момент на факултетите и дека се се одвива во најдобар ред. Така ми кажаа мене. Сега кои луѓе биле таму, кој влегол и кој излегол од факултетот е друго прашање, меѓутоа, како што мене ми кажаа овие што се присутни таму велат ние не знаеме ништо за тоа и во моментот нема никакви проблеми, до сега инцидент никаков не се случил. Меѓутоа, можеби некој некого забележал. Секој има различни информации.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Никола Груевски.

Ова би го оквалификувал како пратенички прашање, меѓутоа, ако е тоа така, мислам дека сепак Владата треба да преземе нешто под итно, бидејќи не треба да ни се случуваат такви работи кога се избори.

Продолжуваме со работа.

Повторно за збор се јави господинот Лазар Китанвоски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Господине потпретседателе, многу е симптоматичен одговорот на министерот Груевски кој рече дека во овој момент нема никаков инцидент. Зарем се очекува инцидент таму да има? Јас за тоа зборувам. Луѓе, граѓани кои не се студенти нема што да присуствуваат, да бидат во аулите или на факултетот каде што гласаат студентите.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Молам за тишина колеги пратеници. Ве молам уште еднаш за тишина додека зборува некој од нашите колеги.

Повелете господине Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Сега таму нема настава, неа отворени Студентски прашања, сега таму нема потреба да одат родители да прашуваат нешто, ме разбирате? Сега има гласање на студенти и што бара таму да влегуваат непознати луѓе со доста агресивни намери и изглед. Значи, до сега немало - тоа е многу чуден одговор.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Лазар Китановски. За збор се јави господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине потпретседателе, дами и господа, имајќи на ум дека колегата е и универзитетски професор и секако настапува со свој целосен личен интегритет, јас сметам дека ова е сериозно прашање, а Универзитетот или месноста е многу блиску од тука, ние каде успеавме да отепаме цел еден ден и ништо неуточнивме како дневен ред, барем да пуштиме некаква мешана делегација до тој простор каде што се врши гласањето, па да се види на лице место, вака до бесконечност ќе оди работата со стравувања или немало потреба од тоа.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Јордан Бошков.

Повторувам уште еднаш, ова личеше на пратеничко прашање и јас од ова место, веројатно и во ваше име, бидејќи сум потпретседател, ако имаме таква ситуација на терен, компетентна е само Владата да преземе мерки додека трае гласањето за претседател на младите студенти.

Продолжуваме со работа.

За збор се јави госпоѓа Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Ова е забелешката и за вас и за сите нас во Собранието. Навистина е тешко да се води денешнава седница, меѓутоа, јас ве молам сепак како човек што ја води оваа седница во името на сите нас пратеници, треба да воспотави ред. Доколку барањето на претходниот дискутант беше сфатено како информација, тогаш ќе го оправдам. Добивме исто така официјално објаснување од страна на претставникот на Владата. Понатамошното продолжување на оваа дебата, за која очигледно никој освен господинот кој што бараше информација за ова, немаме никакви информации, зборува уште повеќе во прилог на тезата дека некој е на "хот лајн" со студентите во овој момент и за жал уште повеќе ја поврдува тезата дека во она што беше предизборје, а сега веќе и изборна трка за водач на студентите на овој наш Универзитет овде, мнгоу е инволвирана не само пратеничката група, туку и СДСМ во целина. Затоа што во овој момент јас, меѓутоа и претставниците на целата наша пратеничка група се опбесправени, ние немаме инфомрации што се случува на теренот, ниту пак сме овластени да ги имаме во овој момент. Се она што беше овде речено зборува за нешто сосема друго и ве молам да ја прекинете расправата од причина што добивте официјална информација од владин претставник.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

И благодарам на госпоѓата Ѓулистана Марковска.

И јас пред малку бев во таа улога, ние да почнеме да работиме по она што ни претстои. Меѓутоа, однапред не можам да проценам кој што ќе зборува на говорница, бидејќи ние работиме во тој дел и затоа му дозволив на министерот да објасни дека таму не се случува ништо.

Еве, за збор се јавува господинот Александар Пандов, но прашувам, ако е во врска со ова, јас го молам да се повлече, но ако мисли да зборува за дневниот ред, тогаш нека земе збор.

**АЛЕКСАНДАР ПАНДОВ:**

Јас ќе си го искористам своето право подеднакво како господинот Лазар Китановски да ја искоментирам ситуацијата која се случи пред малку, пред 10 минути. Со моето петминутно излагање сигурно нема да се одложи целиот тек на седницата. Веќе еднаш говорев, мислам дека е смислен обидот од страна на СДСМ да не се одржи оваа седница денес, да се одлага што подолго, се наоѓаат какви ли не изреки, па вакво прашање, вакво прашање и сега дојдовме до моментот, по случајот на нештата, јас не бев ни запознат дека денес се случуваат студенти избори. Знаев дека ќе има избори, ама не знаев дека ќе бидат денес. Сега, си давам за право да мислам дека сум добро информиран во мојата партија што се случува во сферата на младите, во Унијата на младите сили. Кога го слушнав излагањето на господиот Лазар Китановски, сврте неколку телефони да се информирам кај луѓе членови на Младинската организација кои се студенти и кои се активни чинители во студентското движење во мометов. Дали постои некаков проблем? Не постои проблем. Дали постоел некаков инцидент до сега? Не постоел никаков инцидент до сега. Сега мене ми се поставувапрашањето што сака господинот Китановски да направи, дали да најави нешто што треба да се случи за време на овие студенти избори, или пак прави алиби, ако случајно резултатот на нивната кандидатка е лош, дека тоа било заради тоа што некоја голема група на мажишта таму седеле во црно облечени или незнам во каква облека биле облечени, како ги претстави тука со долги коси и бради и со "Рено 25" брзо се одалечувале од еден од факултетите. Значи, господине Китановски ве молиме, во мое име и во името на мојата пратеничка група, премногу важни закони се пред нас, тука се голем дел од министрите во Владата на Република Македонија, луѓето се заинтересирани да се донесат тие закони, Ве молиме да не правите тука смешни сценарија. Ако имате повторно намера да се одложи денешнава седница, тука е Вашиот координатор, може да побара пауза, да не се вратите после паузата и никому ништо, ќе продолжиме утре ако имате некоја работа. Ако не, Ве молиме да не не масирате тука, затоа што има луѓе кои се

заинтерисирани за иднината на оваа држава и овие закони што побрзо да бидат донесени.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот Александар Пандов.

За збор се пријавени уште четири пратеници. Ние работиме на усвојување на дневниот ред.

Ги молам тие пратеници кои сакаат да предложат точка на дневен ред да земат и ќе им дадам. Ако мислиме да продолжиме вака процедурално .....

За збор се јави господинот Илија Лазаров.

**ИЛИЈА ЛАЗАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на

Владата, колеги пратеници,

Да не дозволиме да ни се расипе седницата. Да ги оставиме студентските избори, не ја знам нивната процедура, но веројатно и таму е предвиден молк на денот на изборите, да не се агитира, па затоа нека си ја бркаат работата. Ако има таму некои проблеми, нека се обратат, се знае како треба тоа да се регулира. Ние нема што од тука како Парламент да алармираме, да театрализираме, да си играме мајтап со студентските избори. Гледам, пратениците на СДСМ сите се на линија со избирачите, со одредени штабови, па ги слушам сега по ходниците кога зборуваат. Не ми е јасно што сакаат тие луѓе. Има полиција, има државни органи, каде што тие ќе се обратат и редот ќе се запази ако има проблеми. Не е чудно ни да се случат и да има, можеби некој ќе сака таму да направи инциденти. Меѓутоа, нека се обратат таму каде што треба. Тие си имаат регулатива како да ги спроведат изборите. Ние да си ја гледаме нашата работа. Ние ја скрасивме сега со студентските избори, па ќе се удриме, ќе ги бркаме нив. Власта ќе им ги реши студентските избори на студентите.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Илија Лазаров.

Прво, ние работиме за да го усвоиме дневниот ред. Ќе морате да обрнете внимание. Нема место ни за реплики, ни за процедура. Тоа е надвор од тоа што значи процедура. Вие зборувате за некое процедурално, меѓутоа, тоа е надвор од тоа. Јас незнам како можеме сега со такви несогласувања меѓу себе да помешаме и процедури и деловнички. Ние се расправаме за усвојување на дневен ред.

Затоа ги молам сите пратеници, кои имаат предлог да се стави точка на дневен ред, нека земат збор. Ако не, да ја прекинеме седницата. Единствен излез од тоа,е тоа. Инаку, гледам дека поедини пратеници се спремни да полемизираат меѓу себе.

Дали некој друг бара збор, во врска со дневниот ред?

Еве се јавува господинот Китановски.

Господине Китановски нема реплика,ве молам. Доколку сакате да работиме, нема ни реплика, ни процедурално. Ве молам, мораме на некому да му го скратиме правото бидејќи не се работи овде за право.

За збор се јавува господинот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани колеги, почитуван потпретседателе,

Прво, однапред сакам колеги мои драги да не ме сватите погрешно, Овие денови читаме по весници разни шпекулации, односно суми за примањата на пратениците. Јас како пратеник барам да бидеме до крај транспарентни и отворени пред ова Собрание како пратеници, да се изготви информација кои примања ги имаат пратениците и тоа, поединечно по име и презиме, затоа што најверојатно, тоа е најдобар одговор на разните шпекулации.

Јас се информирам од весниците дека навистина, пратеникот има толкави примања. Дури се спомнуваат суми до 2000 евра. Ако е така, нека е така. Ако не е така, ве молам, пред граѓаните пред нашите избирачи пред јавноста да бидеме до крај транспарентни и отворени и за секој пратеник односно да се изготви листа на пратеници и нивните примања како пратеници во ова Собрание. Сите примања што ги имате како пратеници, затоа што мислам дека подобро е реалноста да се знае јавно, отколку да читаме по весниците за тоа што веќе сите сме сведоци. Уште еднаш, реков на почетокот не сакам колеги да ме сватите погрешно. Мислам дека за доборото на сите е,јавно да се истакнат листите, односно списоците кој пратеник какви примања има.

Благодарам, и инсистирам да се изготви таква информација.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Исмет Рамадани. Тој веројатно мисли дека Собранието треба да подготви таква информација, или да подготви Владата, бидејќи ние сме буџетари и средствата се од Собранието.

Доколку може да конкретизирате.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Собранието, службата а ние имаме и Министерство за финансии, јас не навлегувам во таа процедура, само сакам едно: да се истакне јавно кој колку примања има од пратениците во ова Собрание. Тоа подразбира: дневници, патувања, паушали и се друго.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Прво треба да се даде информација, бидејќи Република Македонија е информирана, односно изманипулирана од јавните гласила дека пратениците земаат огромни суми, односно личен доход.

Колегата Исмет Рамадани побара дали Владата треба да поднесе таква информација за пратениците, што е невозможно.

Тогаш, ние се задолжуваме како претседателство на Собранието, со самите пратеници кои можат самите да кажат преку некој анкетен лист. Инаку, друг начин нема.Значи, службите на Собранието да изготват информација за нас. Јас тоа така го сфаќам. И да се објави нормално, јавно.

За збор се јави г-динот пратеник Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас мислам дека предлогот на колегата Рамадани е јасен, но не е дефиниран.

Надлежно место за да се подготви информација, секако, не е Владата, бидејќи станува збор за процеси, макар и финансиски, во законодавниот дом.

Јас мислам дека ова треба да се упати до Комисијата за избори и именуваша.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Јордан Бошков. За збор се јави г-динот пратеник Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас мислам дека ги појаснивме работите, службите на Собранието да подготват информација за примањата на пратениците и тоа мислам дека веќе е јасно. Тоа се разбира треба да се објави.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Исмет Рамадани.

Дали некој друг бара збор во врска со дневниот ред?

За збор се јави г-динот пратеник Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги,

Уште пред месец дена од страна на анкетната комисија за човековите права заклучи да побара од Владата дополнителна информација во врска со судбината на 12-те киднапирани грагани. 12 македонци и 6 албански граѓани. Добивме од дописот до претседателот на Собранието дека таква информација е побарана од Владата, меѓутоа, од тогаш поминаа две недели. Мислам дека не и треба многу време на Владата да достави до Собранието таква информација и таа да ја уврстиме во дневниот ред на денешната седница.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Тито Петковски.

Дали од претставниците на Владата некој ќе одговори на ова.

Бидејќи немаме надлежен министер за ова, да одговори, предлогот на г-динот Тито Петковски го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

За предлогот гласаа 56 пратеници, 4 се воздржаа, а 9 гласаа против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидјеќи никој не бара збор, предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 73 пратеници, 73 гласаа за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на  дневниот ред.

Со тоа, вечерва завршуваме. Продолжуваме утре во 11,00 часот.

Се јави за процедурално г-динот Горѓи Спасов.

**ГОРГИ СПАСОВ:**

Потпретседателе, дојдовме во состојба да го усвоиме дневниот ред. Имате предлог од Комисијата прва точка да биде Законот за стечајните работници. Ставете го и денеска да изгласаме, бидјеќи утре ќе има протестен собир пред Собранието во врска со таа точка.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Јас токму тој предлог доколку работевме ќе го ставев за изјаснување.

Ќе продолжиме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 18,30 часот).